Од
**АЛТА ГРОУП ДОО Београд**
Угриновачка 212, локал 1
11080 Белград,
застапувано од директор Татјана Бундало
преку полномошник адвокат
Александар Јосимовски од Скопје

До
**Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје**
Орце Николов 75, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Согласно член 22 став 1 од важечкиот Закон за преземање на акционерските друштва на Република Северна Македонија („**Закон за преземање на акционерските друштва**"), Ве известуваме дека АЛТА ГРОУП ДОО Београд, застапувано од директор Татјана Бундало, има намера да даде понуда за преземање до 100% од обичните акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола.

Понудата за преземање до 100% од обичните акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола ќе биде дадена по цена од 3.777 денари по акција.

Согласно член 26-а став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, напоменуваме дека покрај согласностите кои се потребни од домашните овластени органи, тела и институции, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на претходната согласност од Народната банка на Република Северна Македонија, давањето на понудата за преземање е условено со претходно одобрување на концентрацијата од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија („**Странско одобрение**").

Согласно член 26-а став 4 од Законот за преземање на акционерските друштва, АЛТА ГРОУП ДОО Београд ќе поднесе барање за добивање на дозвола за понудата за преземање и проспектот до Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за преземање на акционерските друштва откако ќе биде добиено Странското одобрение, а секако по добивање на согласностите кои се потребни од домашните овластени органи, тела и институции вклучувајќи, но не ограничувајќи се на претходната согласност од Народната банка на Република Северна Македонија.

Согласно член 26-а став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, доколку Странското одобрение не биде добиено, намерата ќе се смета за повлечена и нема да биде дадена понуда за преземање.

Во однос на ова, (i) во случај институцијата надлежна за давање на Странското одобрение да отфрли или одбие да го издаде соодветното Странско одобрение, АЛТА ГРОУП ДОО Београд ќе извести согласно член 26-а став 5 од Законот за преземање на акционерските друштва, или (ii) во случај институцијата надлежна за давање на Странското одобрение истото не го издаде во рок од 12 месеци од објавувањето на оваа намера за преземање, АЛТА ГРОУП ДОО Београд ќе извести согласно член 26-а став 6 од Законот за преземање.

Во Скопје, на 20 мај 2025 година

За
АЛТА ГРОУП ДОО Београд
преку полномошник адвокат
Александар Јосимовски од
Скопје

АДВОКАТ
АЛЕКСАНДАР ЈОСИМОВСКИ
ул.Ѓорче Петров бр. 11-3/10 Скопје
Бр. на лиценца 4374